[redacted] / Врати. 17.06.24

До: Државна комисија за одлучување во управана постапка и постапка од работен однос во втор степен
(имател на информацијата)

14-06-2024

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

1005 520/1

Од: [redacted]
за контакт: [redacted] е-маил: [redacted]
(се наведуваат подaтоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Со оглед на тоа што [redacted] Скопје со службено седиште на ул. [redacted] број [redacted] Скопје, Лиценца број: [redacted] тел. број: [redacted] електронска адреса: [redacted] преку пропрачана пратка до горенаведениот орган на ден 30.01.2024 година, претходно има поднесено жалба заведена под број: **08044/24**, против Општинскиот инспектор за домување во Општина Гази Баба, бидејќи истиот, не постапил по поднесената Пријавата до Општинскиот инспекторат за домување на Општина Гази Баба согласно член 116 од Законот за домување и согласно член 118 од Законот за домување нема извршено соодветен инспекциски надзор над станбената заграда на ул. 16-та Македонска Бригада број: 2, влез 3, Гази Баба, Скопје, застапувана од Претседател [redacted] бидејќи од страна на дел од сопствениците на посебните делови-становите се кршат одредбите од Законот за домување, конкретно во согласност со Законот за домување ги немаат регулирано закупничките односи согласно законот.

На ден 30.04.2024 година поднесов Поднесок до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, и од таму жалителот на ден 23.04.2024 година од ваша страна доби писмено известување со Архивски број: 0804-4/2024 иако крајниот законски рок за вашето постапување е 60 дена од денот на предавањето на жалбата со сите списи на предметот, што укажува на постоење на сомневање кај жалителот, дека во меѓувреме евентуално постоело одредено тргување со влијание, преку партиски инсталации, вработени во институциите а дури и сомневање за одредени коруптивни дејствија или интереси, бидејќи без оправдани причини не сте постапиле во предвидениот законски рок.

Со известување бев информиран дека согласно член 18 став 1 од ЗОУП дека во конкретниот случај немате стварна надлежност во втот степен да постапувате и да одлучувате по жалбите, изјавени за непостапување на Општинскиот инспектор за домување и не носење на соодветен управен акт врз основа на поднесено барање. Односно дека надлежен второстепен орган е Државна комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка. И согласно тоа ме известувате дека како подносител на истата дека мојата жалба е препратена на понатамошно надлежно постапување до Државна комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка.

Од Државна комисија за одлучување во втот степен од областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка на ден 13.06.2024 година добив писмено известување со Враќање на списи заведено под број: ИП2 Бр. 08-124/3 од 10.06.2024 година, со кое ме известуваат дека истата нема надлежност за постапување од причини дека согласно член 1, став 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, државната комисије е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка, со оглед на тоа што Општинскиот инспекторат за домување на Општина Гази Баба до мене има доставено само Известување ИП1 бр. 34-263 од 22.12.2023 година и ИП1 бр. 34-246/2 од 22.12.2024 година и дека истиот нема донесено управен акт Решение.

Затоа ви го поставувам следново прашање:

Зошто по мојата поднесена жалба до вас поради молчење на администрација, не сте постапиле согласно закон односно согласно член 111 од Законот за општа управна постапка (Службен Весник на РСМ број: 124/2015 година) и не сте му наредиле на Општинскиот инспекторат за домување на Општина Гази Баба да донесе соодветен управен акт, дури тоа да било и Решение за запирање на дел од постапка, бидејќи постапката не се запира само со известување. Бидејќи согласно член 111 од Законот за општа управна постапка (Службен Весник на РСМ број: 124/2015 година) е наведено дека „Кога второстепениот орган ќе утврди дека првостепениот орган не го донел управниот акт во законски рок, тој треба да му наложи

на првостепениот орган да донесе управен акт и да одреди рок од најмногу 30 дена од приемот на налогот. Според став 2 од истиот член Кога второстепениот орган ќе утврди дека причините поради кои првостепениот управен орган не бил донесен не се оравдани тој самиот решава за барање на странката во рок од 30 дена по приемот на жалбата или ќе му наложи на првостепениот орган да го донесен бараниот управен акт во рок од 15 дена по приемот на налогот". Според став 3 "Во случај на повторно молчење на првостепениот орган второстепениот орган е должен самиот да ја реши работа".

Затоа согласно наведеното со ова барање ви се наложува да превземете дејствија сами да ја решите предметната работа согласно член 111 став 3 од Законот за општа управна постапка (Службен Весник на РСМ број: 124/2015 година) а не да ја препраќате во конкретен случај на моментално ненедлежна Државна комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, во спротивно ќе ја проширам веќе поднесената Кривична Пријава и против вас како соучесник на веќе поднесена против надлежниот Општинскиот инспекторат за домување на Општина Гази Баба и ќе барам соодветен надоместок на штета поради вашето незаконито и противправно постапување односно непостапување.

Во прилог на наведеното ви доставувам фотокопија од Решение Уп бр. 1105-294 од 13.09.2023 година кога по друга жалба стę постапиле согласно закон и член 111 од закон за општа управна постапка.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 13.06.2024 година .**

[redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

24.06 2024 година

**Архивски број:** 1005-520/2

**До:** [redacted] бр.3
[redacted]

**Предмет: Известување**

Почитуван,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен кое по електронски пат на ден 14.06.2024 г. и заведено со наш број 1005-520/1, Ве известуваме за следново:

Барањето кое Вие го имате доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ “ бр.101/19).

Во Вашиот случај се работи за барање од личен карактер и поради тоа Ве упатуваме да се обратите со писмен поднесок до Државната комисија во кој ќе го наведете Вашето барање. Доколку писмениот поднесок го доставувате во име на друго лице, наведете во кое својство се обраќате.Воедно, да се приложи и соодветен доказ како поткрепа на наведеното.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Даница Чадиева**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk